Врз основа на член 89 алинеја 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2019, 256/2020 и 65/2021), Уставниот суд на Република Северна Македонија на седницата одржана на 28 февруари 2024 година, донесе

# ПРОГРАМА И РАСПОРЕД
# ЗА РАБОТА НА УСТАВНИОТ СУД
# НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

## Вовед

Со оваа програма и распоред се утврдуваат целите кои треба да ги оствари Уставниот суд на Република Северна Македонија во 2024 година кои произлегуваат од неговата уставна улога, активностите кои треба да се преземат за остварување на поставените цели и индикаторите за следењето на нивното исполнување, носителите на тие активности, временската рамка во која ќе се спроведуваат истите и на крајот, следењето и известувањето за остварувањето на поставените цели.

## 1. Визија

Позиционирање и афирмирање како отворена, транспарентна и ажурна институција која применува строго почитување на Уставот. Со намера да ја оствари уставната улога на највисок орган кој гарантира уставност и законитост и заштита на правата и слободите на човекот и граѓанинот Уставниот суд функционира согласно Уставот и меѓународните стандарди, со почитување на Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП), независно и без надворешни влијанија. Транспарентноста е императив во работењето на Уставниот суд, како демократска вредност преку која ќе се врати довербата кај граѓаните во Судот и системот воопшто, а следствено на тоа Уставниот суд е перцепиран како бедем на правдата и на граѓанските слободи и права. Уставниот суд на Република Северна Македонија настојува да биде пример на институција која со континуирано зајакнување на транспарентноста и доследно информирање ја зголемува својата довербата кај граѓаните.

## 2. Мисија

Мисијата, визијата и вредностите на една институција се есенцијални бидејќи тие ја конструираат и детерминираат улогата и постоењето на Судот и истите претставуваат патоказ за спроведување на целите. Мисијата и визијата ја потврдуваат оправданоста од доверените функции во Уставниот суд, додека од друга страна ги вклучуваат и очекувањата на општеството и граѓаните од овој орган на Републиката кој работи според највисокиот правен акт - Уставот.

## 3. Цели на Програмата и распоред за работа за 2024 година

Целите предвидени со оваа програма и распоред за работа, произлегуваат од уставната улога на Судот и тие се:

- *навремено и ефикасно постапување по предметите во кои се одлучува за прашањата од надлежност на Судот;*
- *донесување на Стратешки план за 2024-2026 година и други правни акти;*
- *транспарентно и отчетно работење;*
- *одбележување 60 (шеесет) години постоење Уставен суд.*

## 4. Навремено и ефективно постапување по предметите

Согласно член 109 став 1 од Уставот, Уставниот суд го сочинуваат девет судии.

Од 8 февруари оваа година, Судот работи со полн состав после подолг период.

*а) Број на одржани седници*

Во член 4 од Деловникот на Уставниот суд, е предвидено дека за работите од својата надлежност утврдена со Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд одлучува на седница.

Според член 89 од Деловникот на Судот, по прашања од доменот за внатрешна организација и работа, Уставниот суд на седница: донесува акти за организацијата на работата и за постапката пред Уставниот суд; донесува програма и распоред за работа на Уставниот суд; го именува и разрешува секретарот на Уставниот суд, советникот на Судот, самостојниот советник, советникот, административниот работник и техничкиот работник и ги определува нивните плати; определува претставници на Уставниот суд за учество на советувања и други стручни собири и расправи на кои е повикан, и донесува одлука за висината и начинот на исплата на

надоместокот на научни и стручни работници, како и на други лица кои по покана на Уставниот суд учествуваат во неговата работа.

Споредбено, бројот на одржани седници на Уставниот суд во изминатите осум години е следен:

2014 година - 32 седници;
2015 година - 32 седници;
2016 година - 29 седници;
2017 година - 29 седници;
2018 година - 32 седници;
2019 година - 31 седница;
2020 година - 35 седници;
2021 година - 37 седници;
2022 година - 42 седници; и
2023 година - 46 седници.

Имајќи ги предвид овие податоци, произлегува дека просечниот број на одржани седници во една година изнесува **34,5**.

*б) Број на оформени предмети*

Согласно одредбите од Деловникот на Судот, по доставените поднесоци или по сопствена иницијатива, се оформуваат предмети од секретарот на Судот и се доделуваат на судија-известител и советник кои ја водат претходната постапка и се должни да изготват реферат за седница, кој претставува работен материјал по кој се расправа и се одлучува за предлогот содржан во рефератот.

Бројот на оформени предмети во изминатите осум години е следен:

2014 година - 173 предмети;
2015 година - 128 предмети;
2016 година - 181 предмет;
2017 година - 168 предмети;
2018 година - 137 предмети;
2019 година - 167 предмети;
2020 година - 324 предмети;
2021 година - 148 предмети;
2022 година - 137 предмети; и
2023 година - 210 предмети.

Согласно овие податоци, просечниот број на оформени предмети во една година изнесува **177,3** предмети.

*в) Број на решени предмети*

Бројот на решени предмети по години е следен:

2014 година - 193 предмети;

2015 година - 150 предмети;

2016 година - 161 предмет;

2017 година - 134 предмети;

2018 година - 211 предмети;

2019 година - 114 предмети;

2020 година - 278 предмети;

2021 година - 173 предмети;

2022 година - 130 предмети; и

2023 година - 184 предмети.

Согласно овие податоци, просечниот број на решени предмети во една година изнесува **172,8**.

*г) Соодност на оформени и решени предмети во една година*

| Година | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оформени | 173 | 128 | 181 | 168 | 137 | 167 | 324 | 148 | 137 | 210 |
| Решени | 193 | 150 | 161 | 134 | 211 | 114 | 278 | 173 | 130 | 184 |
| Соодност | 0,89 | 0,85 | 1,12 | 1,25 | 0,64 | 1,46 | 1,16 | 0,85 | 1,05 | 0,10 |

Просечниот соодност на оформени/решени предмети за овие години изнесува **0,93**.

*д) Број на нерешени предмети*

Вкупниот број на нерешени предмети во Уставниот суд на Република Северна Македонија со состојба на 31.12.2023 година изнесува **180 предмети**.

По години, бројот на нерешени предмети е следен:

2017 година -  1 предмети;

2019 година - 14 предмети;

2020 година - 2 предмети;

2021 година - 10 предмети;

2022 година - 26 предмети; и

2023 година - 127 предмети.

*ѓ) Индикатори за следење на активностите за остварување на целта*

Согласно горенаведеното, индикаторите за следење на активностите за остварување на целта во текот на 2024 година ќе бидат следните:

- бројот на одржани седници во текот на оваа година се планира да изнесува најмалку 35;

- бројот на оформени предмети за оваа година се очекува да изнесува околу 250 предмети.

- бројот на решени предмети во текот на оваа година треба да изнесува најмалку 170 предмети;

- бројот на нерешени предмети треба да се намали на најмалку 110 предмети (состојба на 31.12.2024 година);

- траењето на постапките пред Уставниот суд се планира да се намали на најмалку 6,5 месеци во просек.

*е) Носители на активностите*

Носители на активностите за остварување на утврдената цел се:

- претседателот на Уставниот суд;
- судиите на Уставниот суд;
- секретарот на Уставниот суд;
- советниците на Судот и советниците во Службата кои работат на предметите

*ж) Временска рамка*

Временската рамка за активностите за остварување на утврдената цел е целата 2024 година.

**5. Донесување на Стратешки план и други правни акти**

а) Уставниот суд има обврска за донесување на стратешки план согласно член 15-а од Законот за буџетите (Службен весник на Република Македонија бр.64/05, 04/08, 103/08, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10 156/09, 95/10, 180/11и 171/12 и 171/12 и 171/12).

Согласно член 15-а став 1 од овој закон, буџетските корисници изготвуваат тригодишен стратешки план во кој се содржани програми и активности за остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, како и целите и приоритетите на буџетскиот корисник за тој период. Стратешките планови на буџетските корисници треба да содржат квантифицирани програми, активности, цели и приоритети на буџетските корисници за тригодишниот период кои не треба да ги надминуваат максималните износи на одобрени средства за наредните три фискални години утврдени од Владата на Република Македонија согласно член 18 од овој закон (став 2). Стратешките планови на буџетските корисници се составен дел од буџетското барање на буџетскиот корисник кое се доставува до Министерството за финансии на начин утврден во член 22 став (4) од овој закон (став 3). Доколку буџетските корисници не ги изготват и достават стратешките планови согласно ставовите (2) и (3) на овој член ќе се смета дека не е комплетно буџетското

барање на буџетскиот корисник и истото со укажувања ќе се врати на доработка на буџетскиот корисник во рок утврден од Министерството за финансии (став 4). Ако буџетските корисници не постапат по укажувањата на Министерството за финансии од ставот (4) на овој член ќе се смета како воопшто да не доставиле буџетско барање и Министерството за финансии во нивно име изготвува предлог на буџет (став 5).

Уставниот суд ќе изготви Стратешки план за периодот од 2024-2026 година, во кој ќе бидат содржани програмите, активностите, целите и приоритетите на Судот. Во овој документ, ќе бидат опфатени активностите во рамките на проектот на ЕУ-ИПА - „Зајакнување на капацитетите на Уставниот суд за оценка на уставноста и законитоста на усвоените нормативни акти и заштита на основните права“.

б) Во овој дел, се планира во 2024 година да се пристапи кон изменување и дополнување на Деловникот на Уставниот суд или донесување на нов акт кој би го заменил истиот.

Деловникот на Уставниот суд е во сила речиси 30 години и досега има три измени кои се од технички карактер или со мал обем. Во досегашната примена, одредени решенија се покажаа како непрактични, постојат прашања во однос на постапката и начинот на работа кои не се воопшто регулирани, додека одредени одредби е потребно да се изменат со цел да се добијат подобри решенија во примената.

Во рамките на Судот, веќе е изготвен нов нацрт-акт кој би го заменил постојниот Деловник, кој повеќе пати е разгледуван на работни состаноци

Пред се измените ќе бидат насочени во унапредување на постапката пред Уставниот суд, употребата на јазиците, уредувањето на статусните права на судиите, обезбедувањето административна и буџетска самостојност на Судот, доуредување на постапката за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот, прашањата кои се однесуваат на времената мерка, правното дејство на одлуките на Судот, нивното извршување итн.

в) Согласно горенаведеното, индикаторите за следење на активностите за остварување на оваа цел во текот на 2024 година ќе бидат следните:

- донесување на нов Стратешки план; и
- донесени измени и дополнувања на Деловникот на Уставниот суд, односно донесен нов акт кој ќе го замени постојниот Деловник;

г) Носители на активностите за остварување на утврдените цели се:
- претседателот на Уставниот суд;
- судиите на Уставниот суд; и
- секретарот на Уставниот суд.

д) Временската рамка за активностите за остварување на утврдените цели е целата 2024 година.

**6. Транспарентно и отчетно работење**

Транспарентноста и пристапот на јавноста до работењето на институциите се фундаменталните постулати и клучни претпоставки за негување на демократските вредности. Отвореноста на Уставниот суд и проактивната транспарентност ќе придонесат за долгорочно зголемување на довербата на граѓаните во правната држава, бидејќи Уставниот суд е чувар на Уставот, следствено на тоа заштитник на нивните права и слободи, а пред се' контролор на уставноста и законитоста чиешто применување ја афирмира благосостојбата и уставниот поредок во државата.

Транспарентноста е обезбедена преку правни акти во Република Северна Македонија, односно нивно почитување од страна на институциите како даватели на информации и овозможување на слободен проток на информации и соработка.

Согласно член 16 од Уставот, се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање. Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации. Цензурата е забранета.

Транспарентноста и овозможувањето на слободниот проток на информации се важни принципи за Уставниот суд кој и во својот акт за организирање на работата го регулира начинот на кој се почитуваат и применуваат овие принципи.

Заложбите за информирање на граѓаните се согледуваат во член 33 од Деловникот за работа на Уставниот суд, кој предвидува дека за одржување на јавна расправа одлучува Уставниот суд на седница, при што, покрај учесниците во постапката, ги определува органите и организациите и

научните и стручни работници што треба да бидат повикани на расправата. За одржувањето на јавната расправа се известуваат и сред-ствата за јавно информирање.

Транспарентноста е универзално прифатен принцип. Правото на јавноста да биде информирана е основно начело кое произлегува од член 10 од Европската конвенција за човекови права.

Уставниот суд во своето работење преку јавните седници, но и со редовно информирање на граѓаните ги почитува и домашните и меѓународните правила за практицирање на транспарентност.

Актот кој ги уредува начинот на работа и постапката пред Уставниот суд - Деловникот, содржи посебна глава - XI. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА УСТАВНИОТ СУД).

Така, согласно член 84 став 1 од овој акт, јавноста во работата на Уставниот суд се обезбедува со известување на јавноста преку средствата за јавно информирање за одржување на јавните расправи, а по оцена на Судот и за одржување на седница, подготвителна седница и јавна расправа, со присуство на учесниците во постапката, други лица, органи и организации и претставници на средствата за јавно информирање за одлу¬ките на Судот по прашања од интерес за пошироката јавност. Уставниот суд, по потреба, а најмалку двапати во годината, организира конференции за печатот (став 2). Уставниот суд издава Билтен и Збирка на одлуки како трајни извори за запознавање на јавноста со неговите одлуки, стручни мислења и ставови (став 3).

Во членот 85 од овој акт е предвидено дека јавноста во работата на Судот на јавната расправа, седницата и подготвителната седница може да се исклучи ако тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на земјата, чувањето на државна, службена или деловна тајна, заштитата на јавниот морал и во други оправдани случаи што ги определува Судот.

Од 2003 година јавноста во работата на Судот дополнително е засилена со активирањето на официјалната Интернет страница на Судот.

Така, на веб страницата http://ustavensud.mk/ може да се најдат сите релевантни информации за Судот и тоа: Уставот и Деловникот на Уставниот суд, историјат, правни основи и положба на Судот, како и информации кои се однесуваат на составот и внатрешната организација, судиите на постојниот и поранешните состави на Судот, како и меѓународна соработка на Судот.

Она што е значајно да се истакне е делот од "новостите" каде на динамична и континуирана основа се истакнуваат информации кои се однесуваат на тековните активности на Судот. Во овој дел, сите заинтересирани субјекти, вклучувајќи ги и медиумите може да добијат ажурирани информации во врска со прашањата кои ќе се најдат на дневниот ред на следната седница на Судот. Со тоа, јавноста однапред е запознаена со дневниот ред за седниците на Судот и може да има увид кои прашања ќе бидат разгледувани од Судот.

Не помалку значаен елемент кој оди во прилог на отвореноста на Судот и неговата достапност до јавноста е постоењето база на податоци на web страницата на Судот која ја содржи целокупната судска практика на Судот.

Тоа значи дека секое заинтересирано лице има пристап до сите одлуки и решенија на Судот. Целата судска практика е достапна на македонски јазик, додека на англиски јазик се инкорпорирани кратки резимеа од најзначаните одлуки и решенија.

6.1. Транспарентноста како стратешки приоритет

Согледувајќи ја потребата од унапредување на транспарентноста, а со тоа зголемување на довербата кај граѓаните и подобрување на репутацијата на Судот, во декември 2021-та година за прв пат е востановена позицијата советник на Судот - портпарол и на ова место вработена е Христина Беловска. Во нејзините работни активности меѓу другото влегува и стратегијата за комуникациски активности и планот за подобрување на транспарентноста. Беловска ја раководи и службената Фејсбук страница[1] која Судот за прв пат ја доби со цел да биде во чекор со новите трендови на информирање и да го користи овој медиум како канал за точно и навремено информирање, но и оружје во борбата против лажните вести.

Уставниот суд за прв пат во стратешкиот план донесен во 2022 година ја предвиде транспарентноста како стратешки приоритет при што во планираните цели беа опфатени низа активности опфатени во три програми. Оттогаш парцијално советникот на Судот за односи со јавност ги спроведува активностите, паралелно со тековните активости за комуникација на Уставниот суд. Со оглед на финансиската состојба на институцијата, спроведени се само предвидените активности со минорни

[1] https://www.facebook.com/ustaven.oficijalna.stranica

финансиски импликации при што се користени кадровските капацитети на Судот, без дополнителни ангажмани од надворешни соработници.

Во текот на 2022 година направено е интерно анкетирање на вработените кое опфаќа нивно размислување и поимање на транспарентноста, предлози и забелешки, со цел утврдување на нивото на подготвеност на службата да придонесе во развивање на сликата на транспарентен Уставен суд. Нивните одговори се земени во предид во креирањето на комуникациската стратегија.

Во првата половина на 2023 година консултирани се тројца експерти од областа, м-р Златко Симоновски (НВО), Тони Ангеловски(портпарол) и д-р Тодор Стојчевски, кософственик на ПР агенција.

Во втората половина на 2023 година портпаролот на Судот согласно статистиката на прашања и покриеност на Уставниот суд креираше прашалник за транспарентност кој беше дистрибуиран до медиумите.

Анкетата е спроведена со комбиниран метод- теренски и онлајн, при што од страна на портпаролот и уште тројца советници беа посетени 10 редакции (МТВ, МИА, Канал5, Алсат, ТВ21, ТВ24, Слободен Печат, Мета, ПорталБ, Вистинометар), пред кои беше презентирана идејата за нивниот придонес и учество во креирањето на стратешкото комуницирање на судот, кое е прилагодено на нивните потреби за полесно разбирање и пренесување на информациите. Во анкетата учествуваа околу 90 претставници на медиуми, кои претставуваат повеќе од 20 медиуми во земјава. Дополнително во текот на посетите во медиумите новинарите даваа нивни мислења и предлози, во форма на мини-интервјуа, со прашања и теми кои не беа дел од анкетата.

Изработена е драфт-верзија на комуникациска стратегија, која е дополнета со предлозите кои произлегоа од интервјуираните јавности.

Планирано е комуникациската стратегија да се усвои во првите шест месеци од 2024 година со пополнувањето на комплетниот судиски состав и да продолжи да се имплементира, со оглед дека дел од предвидените активности во драфт-верзијата веќе се спроведуваат.

Уставниот суд при примена на комуникациските активности се придржуваше до поставените принципи од стратегијата:

- информативен;
- етички;
- разбирлив;

- инклузивен;

Судот, преку советникот за односи со јавноста во текот на 2022/2023 во најголем дел ја спроведе Програмата „анализа на состојби", предвидена во стратешкиот план на Судот во 2022 година. Почна примена на втората Програма „управување со комуникациите" која таргетира 6 целни групи предвидени со стратегијата.

Како значаен пример кој се издвојува во оваа Програма е спроведувањето на ПР кампања за воведување на уставна жалба во текот на 2022/2023 година, при што беа спроведени следните активности:

-брифинг на претседател Добрила Кацарска со медиумите

-свикување на државен врв(2 тема на разговор)

-тема во завршен говор на прес-конференција за медиумите

-тематско интервју на МТВ во централен дневник

-заедничка конференција со германска фондација ИРЗ

-изработена студија од германски експерт Винфрид Шуберт

-изјава за медиуми претседател на Уставен суд и германски експерт Шуберт по конференцијата

-дебата со медиумски организации, НВО

-говорници од Балканот (претседатели и судии на уставни судови)

-тековни одговори за медиуми на тема уставна жалба

-интервју на претседател со прашања за уставна жалба на Бугарска национална телевизија

-посета на Уставен суд во Словенија со цел размена на искуства,со партнерство на Институтот за човекови права(ИЧП).

-експертска конференција со професори, правници и НВО на тема уставна жалба организирана од ИЧП

Заклучоци:

-покриена од над 50 наслови во медиумите(национални ТВ и портали) и на официјалните канали на Судот

-поддржана од претседател на држава Стево Пендаровски

-поддржана од германската амбасадорка Петра Дрекслер

-поддршка од министерот за правда Кренар Лога

-поттикна размислување во јавноста

Медиумска покриеност на регионална Конференција за уставна жалба

Пренос во живо на Медиумска информативна агенција(МИА)[2]

---

[2]https://mia.mk/story/%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D1%84%D0%B5%D1%80%D0%B5%D0%BD%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D1%9C%D0%B5-%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%B0-

Известување во живо во централниот дневник на МТВ(https://play.mrt.com.mk/play/567658 )

Прилози во информативните изданија(вести) на националните ТВ станици:

-Канал5(https://kanal5.com.mk/kacarska-so-kritika-za-politicharite-zoshto-vo-zemjava-se-ushte-ne-e-vovedena-ustavnata-tuzhba/a612608 )

-Телма (https://telma.com.mk/2023/11/22/bez-ustavna-zhalba-gragjanite-ne-mozhat-da-se-zhalat-pred-ustaven-sud-za-prekrshuvanje-na-mnogu-prava-i-slobodi/)

-Сител (https://sitel.com.mk/ustavna-tuzhba-za-pogolema-zashtita-na-ustavnite-prava-na-gragjanite?fbclid=IwAR327Pd44uaEFU1JjyXd1-WDIcbdkylUHIGzU6BqEkJgpyzdNF37rjgmQi0)

Покриеност на настанот од онлан медиуми- веб портали:

1. https://mk.tv21.tv/germanskata-ambasadorka-dreksler-so-poddrshka-za-voveduvane-ustavna-zhalba/

https://meta.mk/dreksler-preku-ustavna-zhalba-na-gragjanite-treba-da-im-se-ovozmozhi-da-tuzhat-za-svoite-prava-pred-ustavniot-sud/

https://vestiplus.mk/petra-dreksler-ambasadorkata-na-sojuzna-republika-germanija-so-poddrshka-za-voveduvane-na-ustavna-zhalba/

https://centar.mk/blog/2023/11/23/petra-dreksler-ambasadorkata-na-sojuzna-republika-germanija-so-poddrshka-za-voveduvane-na-ustavna-zhalba/

https://biznisvesti.mk/germanskata-ambasadorka-dreksler-so-poddrshka-za-voveduvane-ustavna-zhalba/

https://24info.mk/2023/11/23/%D0%B0%D0%BC%D0%B1%D0%B0%D1%81%D0%B0%D0%B4%D0%BE%D1%80%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B3%D0%B5%D1%80%D0%BC%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D1%81%D0%BE-%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%B4%D1%80%D1%88/

5.Медиумска покриеност на настанот од друг аспект на наслов:

„Кацарска бара поддршка од сите политички чинители за воведување на уставната жалба"

---

%D0%B7%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%B3%D1%80%D0%B0%D1%93%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%BA%D1%83-%D1%81%D0%B5%D0%BE%D0%BF%D1%84%D0%B0%D1%82%D0%BD%D0%B0-%D0%B8-%D0%B5%D1%84%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%BD%D0%B0-%D1%83%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%B0-%D0%B6%D0%B0%D0%BB%D0%B1%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%B6%D0%B8%D0%B2%D0%BE?fbclid=IwAR2MsPhiJxNDUOzATW8Figwd09LwIESZVQKuO_uk8UGQHdq9bnxkw1SN7r8

1.Макфакс.мк
https://makfax.com.mk/makedonija/%D0%BA%D0%B0%D1%86%D0%B0%D1%80%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D0%B1%D0%B0%D1%80%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%B4%D1%80%D1%88%D0%BA%D0%B0-%D0%BE%D0%B4-%D1%81%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B8/

2. Опсервер.мк
.https://opserver.mk/makedonija/kacarska-bara-poddrshka-od-site-politichki-chiniteli-za-voveduvanje-na-ustavnata-zhalba/

3. Точка.мк
https://tocka.com.mk/vesti/464267/kacarska-bara-poddrska-od-site-politicki-ciniteli-za-voveduvanje-na-ustavnata-zalba

4.Пресс24
https://press24.mk/kacarska-bara-poddrshka-od-site-politichki-chiniteli-za-voveduvanje-na-ustavnata-zhalba

5.Мета.мк
https://meta.mk/od-drzhavite-vo-regionot-samo-vo-makedonija-go-nema-instrumentot-ustavna-zhalba/

6.Фокус.мк
https://fokus.mk/katsarska-povika-na-poddrshka-od-site-politichki-chiniteli-za-voveduvane-na-ustavna-zhalba-vo-makedonija/

7. Изразена поддршка од претседателот на државата Стево Пендаровски

*Кампањата продолжува и во текот на 2024/2025 со оглед на најавите во стратешкиот документ на Министерството за правда во кој е предвидено воведување на уставна тужба/жалба.

Во 2024 година ќе продолжи спроведувањето на:

-комуникациските активности (односи со медиуми, организирање на ПР настани, обуки, кампањи, обновување и управување со нова веб-страница, унапредување на официјалниот Фејсбук профил со мултимедијални содржини, креирање на видео-содржини и нивно споделување со јавноста).

-продолжување на користење на предвидените комуникациски канали со цел лесен и интерактивен пристап на содржините преку проактивен настап кое ќе придонесе зголемување на видливоста на Уставниот суд

-имплементирање на предлози од анкетираните новинари (опфатени во комуниикацискатa стратегија)

-усвојување на документи кои ќе произлезат од комуникациската стратегија(Меморандуми, Планови/правилници за внатрешно и надворешно комуницирање, План/Правилник за кризно комуницирање, Акциски план за спроведување на стратегијата);

Стратегијата ќе се дополни и спроведува во текот на 2024, по што во следната 2025 година ќе премине на третата програма „Евалуација и мониторинг".

Комуникациската стратегија и целосната содржина е засебен документ и со оглед на обемноста нема целосно да се образложува во оваа Програма.

Носители на активностите за остварување на утврдените цели се:
- претседателот на Уставниот суд;
- судиите на Уставниот суд;
- секретарот на Уставниот суд;
- советникот на Судот за односи со јавноста.

Временската рамка за активностите за остварување на оваа цел е целата 2024 година.

**7. Одбележување 60 (шеесет) години постоење**

Уставниот суд на Република Северна Македонија во 2024 година ќе одбележи јубилеј 60 (шеесет) години постоење на уставното судство во нашата Република. Значајниот јубилеј ќе се одбележи на 15 март со организирање на меѓународна конференција.

Уставниот суд ќе ја одбележи 60 годишнината преку поттикнување на мислења, споделување на различни пракси на темата „Уставно-судска заштита на слободата на мислата и слободата на јавното изразување на мислата".

За одбележувањето на овој јубилеј, Уставниот суд ќе добие финансиска поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, коешто партнерство беше одбележано со потпишување на Меморандум на 20 февруари оваа година.

Како една од најзначајните активности која има за цел промоција на Уставниот суд, но и на целата држава е објавување на монографија.

За овој јубилеј изработен е посебен комуникациски план, кој опфаќа активности кои ќе почнат да се реализираат на 15 февруари, денот кога почнал со работа првиот Уставен суд, во СФРЈ.

-Изработен е посебен комуникациски план кој е презентиран на ОБСЕ како подддржувачи на настанот кој вклучува:

| Датум | Активности | Буџет |
|---|---|---|
| 15 февруари 2024 | - изработка на пригодна поштенска марка која ќе го означи почетокот на промоцијата на 60 години уставно судство<br>- промоција на марката во зградата на Уставен суд (претседател Добрила Кацарска и директор на АД Пошта Бујаре Абази)<br>-запознавање на новинарите со значењето на јубилејот и најава на настанот со темата ”Уставно-судска заштита на слободата на мислата и јавното изразување на мислата”<br>-Претставување на ново лого на Уставниот суд<br>-најава за соработка со ОБСЕ и нивна финансиска поддршка за одбележување на годишнината | |
| 20 февруари 2024 | -Потпишување на Меморандум за соработака помеѓу Добрила Кацарска и амбасадорот Килијан Вал<br>-изјава за медиуми во врска со настанот од двајцата потписници<br>-можност за тематско интервју | |
| март-април | Пуштање на нов веб сајт на Уставниот суд<br>-надградена и модернизирана верзија на постоечкиот | |
| 15 март | Одржување на Меѓународна конференција<br>-Во прилог драфт агенда со гости<br>-Отворање на настанот со интонирање на химна од оперска пејачка<br>-Социјална програма: дополнително ќе се утврди | |
| март- | -Коктел и презентација на резултатите од анкетата | |

| | | |
|---|---|---|
| април | за новинарите и врабтените на тема транспарентност на Уставен суд<br>-Најава дека е во тек изработка на нов веб-сајт<br><br>-Ќе се усвои комуникациската стратегија | |
| почеток на Април | Меморандум за соработка со Правниот факултет „Јустинијан Први“<br>-презентација на Монографијата<br>-делење на џепни устави на студентите<br>-можност за присуство на седници и следење на процесот на работа | |
| Крај на февруари или средина на април | Склучување на Меморандум за соработка со ЗНМ | |
| почеток на мај и јуни | Организирање на обуки и тренинзи за советници на Судот со ОБСЕ, на теми:<br><br>Слобода на јавно изразување на мислата (член 16 од Уставот);<br>Заштита од дискриминиција врз основа на политичко уверување (член 9 од Уставот)<br>Заштита од дискриминиција врз основа на општествена положба (член 9 од Уставот);<br>Заштита од дискриминација врз основа на пол (член 9 од Уставот)<br>Најдобри практики и насоки за пишување на правни документи (во најголем дел засновано на пишувањето на одлуките на Европскиот суд за човекови права)<br>Работни материјали, инструкции и најодбри судски практики Европскиот суд за човекови права во врска со предмети со Република Северна Македонија | |
| Ноември/декември | Склучување на меморандуми<br>-ноември/декември Судско-медиумски совет | |
| втора половина на | Студентски/средношколски натпревар на знаења на Уставниот суд | |

| | | |
|---|---|---|
| октомври | | |
| Во текот на целата година | Креирање на дигитални квизови и креативни содржини за Уставниот суд | |
| 26 декември | Завршна конференција на Уставен суд со фокус на спроведени активности | |

Носители на активностите за остварување на утврдените цели се:
- претседателот на Уставниот суд;
- судиите на Уставниот суд;
- секретарот на Уставниот суд;
- советникот на Судот за односи со јавноста.

**8. Следење на остварувањето на програмата и распоредот и известување**

Одговорен за следење на оваа програма и распоред е секретарот на Судот кој е должен да известува на секои три месеци за нејзиното остварување.

Су.бр. 394/24
01 APR 2024 2024 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија,
Добрила Кацарска